УДК: 37.091.3:93/94(497.7)
37.091.3:93/94:[37.017:17(497.7)
37.091.3:93/94:[316.812.1-053.4/.8(497.7)

Васко Гичевски
vasko.gicevski@gmail.com

# ВОСПИТНАТА ФУНКЦИЈА НА НАСТАВАТА ПО ИСТОРИЈА ВО СОВРЕМЕНОСТА

*Апстракт.* – Човекот е битие кое станува дел од општеството, кое се очовечува во општествена смисла преку воспитанието. Педагошката максима „Нема воспитание без образование ниту образование без воспитание“ ни укажува на фактот дека знаењето без соодветна воспитаност нема корист како што ниту воспитаноста не значи ништо без соодветно знаење. Во овој текст ќе се осврнеме на воспитната функција на наставата по историја, науката која мудрите ја нарекле „учителка на животот“, како таа се остварува и која е опасноста од одвојувањето на воспитанието од знаењето за историските настани.

За воспитанието како човекова дејност која се појавила уште во мугрите на човештвото, има безброј дефиниции. Најкратко би го опишале како систематско пренесување на знаење и општествени норми и вредности. Од друга страна, доколку би биле вулгарно искрени, би можеле да заклучиме дека воспитанието е токму она што му недостига на нашето општество. Воспитанието како дејност не се стекнува само преку една личност или преку еден наставен предмет, тоа е впрочем смислено влијание на се она околу човекот. Историјата како наука и како наставен предмет има особено големо влијание врз воспитанието на учениците. Иако воспитната функција на историјата е иманентна на самата наука, таа во целост се открива во историјата како наставен предмет.[1] Разликата помеѓу историјата како наука и училишен предмет се состои во обемот и длабочината на интерпретацијата на историските содржини. Историјата како наука го изучува минатото на сите народи

[1] Ачкоска, 2001, 9

на светот, додека во историјата како наставен предмет се изучува пред се минатото на оние народи што во соодветна етапа имале најзначајна улога во светскиот развиток.[2]

Должни да го соопштиме и тоа дека во наставата по историја содржините не се стихијно одбрани туку изборот се врши според извесен план кој зацртал извесни цели за постигање. Посебно внимание му се посветува на оние научни содржини со кои што успешно се остварува општественото, патриотското, моралното, работното и естетското воспитание на учениците.[3] Со свесното одбирање на содржините, треба да се постигне комплетна заокруженост на личноста која ќе излезе од воспитно образовниот процес со соодветно знаење но и со соодветни вредности кои ќе го дополнуваат стекнатото знаење. Обликувањето на сестрани развиени личности ќе биде остварено не само со стекнување на систематски знаења, вештини и навики туку и со развивањето на физичките и психичките способности кај младиот човек што ќе му овозможи активно да учествува во животот на општеството.[4] Општообразовните содржини имаат пресудно влијание врз формирањето на светогледот кај секој човек за неговата улога во светот но и улогата на светот врз општеството. Заради тоа, одредувањето на образовните содржини истовремено значи и одредување на еден од конститутивните елементи на посакуваното воспитание.[5] Основните начела при изборот на наставните содржини се:

- Задоволување на барањата и потребите на реалниот живот;
- Избирање на содржини кои со правилна интерпретација ќе доведат до формирање на научен светоглед;
- Наставните содржини треба да одговараат на возраста на ученикот;
- Изборот на градиво треба да соодветствува со образовните цели на видот на училиштето(основно, средно, општообразовно, насочено)
- При одбирањето на наставни содржини, треба да се води сметка за потребите на целиот воспитно-образовен систем;
- Одбраните наставни содржини мораат да бидат систематизирани;

[2] Исто,11

[3] Исто, 12

[4] Krneta, et all(eds) , 1969, 324

[5] Исто, 324

- Со наставните програми не се одредува само градивото туку и активностите на ученикот;
- Наставните програми на поединечните предмети мора меѓусебно да бидат поврзани;
- При изборот на содржините треба да се води сметка и за националните култури застапени во земјата;
- Настаните програми на предметите, треба да бидат така скроени за да поттикнуваат кон учење на содржини надвор од предвидените задолжителни содржини;
- При изборот на содржините треба да се води сметка како за материјално-образовните така и за формално-образовните задачи.[6]

Училиштето како целина, како воспитно образовна институција треба да им овозможи на учениците: стекнување на знаења и формирање на умеење, вештини и навики од разни области на творештвото, да ги оспособи за да може да разбираат појавите во природата, општеството и човековото мислење, да стекнуваат морално естетско и работно воспитување и врз основа на хуманистичките традиции, да развиваат патриотски чувства, чувства на толеранција, соживот итн.[7] Наставата по историја има и свои цели кои што преку наставната програма и наставните содржини треба да ги постигне. Тие се: стекнување на знаења од историјата, формирање на историско мислење, формирање научен поглед на светот, морално воспитание, развивање смисла за колективен живот, стекнување навики и естетско воспитание.[8] Соодветните цели се остваруваат со методика на предавање на историската поука односно со методиката на наставата по историја. Преку проучување на определените историски настани, нивно опсервирање низ различни историски извори, обработката на содржините со соодветни наставни техники, учениците ги совладуваат истите и добиваат не само фактографско знаење, туку и директна поука што и како се случува во определени општествено економски предуслови. Тоа веројатно е најголемата вредност на историјата, осознавањето дека зад се она што се случило некогаш и зад се она што се случува денес постојат соодветни општествено економски причини кои го условиле случувањето или појавувањено на определен настан во минатото или сегашноста. Со овие стекнати знаења и умеење,

---

[6] Исто,345-348

[7] Ачкоска, 2009,70-71

[8] Исто,71-76

но и воспитание добиено како директна поука од историските настани, ученикот ќе може активно да се вклучи во општествениот живот и да допринесува како единка кон општеството. Тој нема да биде прост и нем набљудувач, туку ќе биде човек кој што го обмислува светот околу него, ќе биде мислител кој се бунтува. Бунтовната мисла не може да се јави онаму каде што нема знаење. Таа се јавува само кај оние кои имаат доволно информации, знаење и способност да ја обмислат реалноста и да ја споредат со сознанијата добиени преку образованието. Така се раѓа не само желбата за бунт и борба, туку така и почнуваат сите борби, со една проста решителност за подобра, поправедна реалност, за еден човечки живот како што прилега на човека. Од тука можеме да заклучиме дека универзална и постојана цел на современата настава по историја е да создаде активен мислечки граѓанин. Целата човекова цивилизација е заснована врз чинот на непослушноста. Човекот низ историјата продолжил да се развива преку чиновите на непослушност. Неговиот духовен развиток беше можен само затоа што постоеја луѓе кои се осмелуваа во името на својата совест и верба, да им кажат не на моќните, а и неговиот интелектуален развиток исто така беше условен од слободата да се биде непослушен-непослушен кон авторитетите што се обидуваа да ги затајат новите мисли и кон авторитетите на старите сфаќања што промената ја прогласуваа за бесмислица.[9] Непослушноста кажано со зборовите на Фром е пат кон слободата. Таа потреба од слобода може да ја чувствува само образован човек и човек кој е воспитан да трага по вистината, кој стекнал соодветни навики за учење, истражување и однесување кон науката и кон светот околу него. На тој начин човекот се развива историски во правец на се попотполно остварување на генеричките квалитети на својот вид, а тоа значи на своите квалитети како човек.[10]

Наставата по историја е праволиниски поврзана со постигањата на историографијата односно науката историја. Македонската историографија изминативе 30 години измина низ низа на трансформации. Преминот од социјализам кон капитализам, значеше и премин од еден вредносен систем кон друг. Во тој премин научната мисла сосема оправдано се обидуваше да се ослободи и извесните догми во сфаќањата, но за жал на многупати се покажа дека поедини автори успеаа да се ослободат само од здравиот разум. Догмите останаа и се видоизменија и денес тие му служат на новата општествено-политичка реалност. Во бара-

[9] Фром,1989,8

[10] Јасмин, 1959, 96

њето соодветни докази во националната историја, поединци пак, преминуваат на полето на нивното митологизирање и идеализирање, за сметка на други историски факта, кои нив недоволно или пак, воопшто не им одговараат. Потрагата по новиот-стар идентитет на новите држави и општества, направи експлозија на враќање кон историското минато, заради барање на златните периоди од националните истории, кои пак резултираат со преземањето на старите обележја, како државни и национални, менување на имињата на улиците и цели градови, менување на имињата на училишта, касарни, плоштади на градовите, парковите и друго.[11] Последново неминовно се одрази и врз наставата. Примарна цел на наставата по историја стана патриотското воспитување иако тоа никогаш не беше јасно истакнато во наставните програми. Општеството со својот еуфоричен занес воспитуваше дека историјата е своевиден чувар на минатото и на сегашноста а оној што знае историја беше доживуван како своевиден жрец на нацијата. Во однос на концепирањето и осовременувањето на наставата беа консултирани надворшни организации и беа преземани модели од надвор. Советодавниот примат во конципирањето на основните содржини на наставата по историја, го презедоа земјите од западната демократија. Основни носители на оваа активност станаа европските здруженија, како што е Европското здружение на наставниците по историја (Euroclio), формирано 1993 година во Лиоварден, Холандија, кое има третман на невладина организација при Советот на Европа, кој ја преземе речиси сета активност околу имформирањето, насочувањето и давањето нови идеи за осовременување на наставата, наставниците и пишувањето на учебниците по историја.[12] Беа усвоени и основните препораки на Европскиот совет, историјата да не се користи во политички и пропагандни цели, преку неа да се гради европски демократски поглед на заедништво, европско единство, проток на идеи, култури и религии, нагласување на меѓусебна соработка и градење кај учениците на критички осврт и европски поглед на минатото, сегашноста и иднината.[13] Последниве препораки се основните вредности на современата настава по историја, кој е изградена така да воспитува кон еден општохуманистички дух и мир. Алатката со која се планираа и остваруваа воспитните цели, веќе во почетокот на XXI ќе ја снема. Имено некаде од периодот 2000-2004 кога се изготвени новите наставни програми програми, воспитните цели веќе не застапени и ис-

---

[11] Димитријевски, 1997, 178-179

[12] Димитријевски, 1997, 34-35,1997,180-181

[13] Димоски, Некои, 1996., 127

тите отсуствуваат од тематските и дневните планирања. Целото внимание е свртено кон образовните цели при што се препорачуваше да не се задаваат многу цели и истите да бидат од пониските нивоа на Блумовата таксономија. Тоа веројатно беше направено со цел ученикот да се растерети, но во суштина, така започна барањето на се помал квантум знаења, а вредностите кои што требаше да се усвојат преку настаните содржини останаа на стихијата. Никој веќе не проверуваше, ниту следеше, какви вредности се поучуваат преку содржините и дали и воопшто се бара поука од наставните содржини или само нужно е е да се меморираат и репродуцираат факти и податоци.

Нема потреба посебно да зборуваме за значењето и улогата на историската наука и нејзиниот придонес во формирањето и обликувањето на историската свест. Сметаме дека тоа значење е за сите доволно познато. Меѓутоа, сепак се има впечаток дека не е доволно јасно: колку нашата научна и вonнаучна историографска мисла и традиција се одразува и манифестира врз формирањето на историската свест на младите поколенија, пред сè колкаво е нивното учество во формирањето на идејните погледи на училишната младина. Значи, за нас е многу побитно да согледаме: како и колку ја усмеруваме и обдикуваме историската свест кај училишниот подмладок низ системот на образование и воспитување, низ наставата по историја.[14]Затоа треба да се позанимаваме со барањето одговор на прашањето: каква е наставата по историја во училиштата и какво место и статус и е дадено во вкупниот воспитно-образовен систем. Сметаме дека тоа прашање завлегува во суштината на образованието и идејното воспитување, проблем на кој историчарите и останатите творци и педагошки работници укажуваа во сите расправи за наставата по историја.[15] Таа дилема е актуелна до денес и веројатно се додека постои наставата и училиштето, никогаш нема да биде целосна затворена, бидејќи се постоечко има можност да биде подобро.

Претходно изнесеното ни овозможи барем накратко да се запознаеме со тоа каква беше наставата по историја и како полека го снема воспитанието од официјалните документи. Историското искуство покажува дека историската свест во својот развиток се манифестирала низ две тенденции: едната влечела напред, тежнеела кон унапредување и збогатување на свеста, а втората влечела назад, водела кон дезинтегра-

[14] Дашиќ, 1985, 358

[15] Дашиќ, 21-22, 1985, 358

ција на историската свест[16]. Скорешните настаните од пред неколку години пак покажаа и обид за комплетно тргање на историјата како засебна наука од воспитно образовниот систем. Имено со Новата концепција за основно образование донесена во 2021 година од страна на тогашната министерка за образование и наука Мила Царовска, историјата беше споена со предметите Географија и Граѓанско образование и беше преименувана во Историја и општество. [17] Со новата концепција се изврши промена во планирањето на наставата, па така сега наместо дотогаш користените цели на наставата започнаа да се користат стандарди за оценување. Стандардите беа сеопфатни и се однесуваа на сите аспекти од детскиот развој и раст. Она што беше главна пречка и проблем тука, беше сведување на историјата од засебна наука, на еден модул од наставната програма, во кој беа ставени мноштво стандарди кои воопшто не можеа да се реализираат. Дополнително новата наставна програма, предвидуваше учење по модули, па така учениците учеа историја од септември до февруари со неделен фонд од 3 часа неделно, па потоа учеа Географија и на крајот на учебната година учеа Граѓанско образование. Лекциите беа лошо планирани, додека стандардите ги надминуваа способностите на учениците, но и техничко просторните услови во училиштата. Учебниците односно материјалите за учење кои беа изработени беа преполни со грешки, тие дури не беа ниту учебници, туку материјали за учење, нешто што значеше директно кршење на Законот за учебници. Од денешна гледна точка, 4 години откако прв пат беше објавена Концепцијата, искусувајќи ја и практично како наставник по историја, за истата можам да изнесам став дека беше потполно штетен потфат, чие слабости нанесоа трајна штета врз воспитно-образовниот систем и учениците. Занемарена беше и науката и поуката односно воспитанието кое што би требало да го стекнат учениците преку изучувањето на определените наставни содржини. Наставата по историја стана само една форма без суштина, таа се изучуваше поимски, не стекнувајќи притоа никакви заокружени знаење, веројатно затоа што политичката власт тела задоена од екстремизмот на либералните вредности, реши дека на историјата и е дојден крајот. Веројатно се тоа беше обид да се намали историската свест, бидејќи на иднината односно на општеството на либералниот капитализам најмалку од се му се потребни самосвесни луѓе.

---

[16] Дашиќ, Историја 21-22, 1985, 359-360

[17] Концепцијата е достапна на следниот линк: https://mon.gov.mk/stored/document/Koncepcija%20MK.pdf

Намалување на содржините од општествените и хуманистичките науки не е наш локален феномен. Тоа е еден општ тренд на општеството ориентирано кон профитот, односно капиталистичкото општество. Во развиените земји, овој процес зема дури и посилен замав, па во определени земји беа укинати и цели катедри. Современиот свет се стреми од човекот да креира професионалец со тесна стручност и слаби или никакви општи знаења. Со тоа во суштина се креира човек кој е воспитан да работи и да не го интересира ништо што се случува околу него. Негова должност не е да го обмислува светот околу него, туку едноставно да се појави на работното место, да работи, да учествува во изборните процеси, мислејќи дека живее во најголемата можна слобода. Жедни за национален профит, нациите и нивните образовни системи невнимателно ги отфрлаат вештините што се неопходни за да се одржат демократиите во живот.[18] Со ова воспитно- образовните институции, јас губат воспитната компонента и се претвораат во места каде се осознаваат некакви факти, но никој не посочува што да се прави со тие факти. Образованието не се одвива само во училиштата. Децата првенствено во домот и во средината во која што живеа ги стекнуваат своите први знаења, своето прво воспитание. Со губењето на воспитанието од образовниот систем, со одстранувањето на хуманистичките и општествените науки, особено на историјата, формираме општество без свест за себе, својот развој, своите подеми и падови.

Образованието е за луѓето. Пред да бидеме во состојба да развиеме план за образование, мораме да ги разбереме проблемите со кои што се соочуваме по патот на создавање одговорни демократски граѓани кои можат да мислат и да прават компетентни избори во врска со различни прашања од национално и светско значење.[19] За последново пресуден фактор е познавањето на историските настани. Човекот секогаш имал развиено историско мислење и свест, но во последните два века истото значително се развило и зголемило. Причините за тоа се повеќеслојни но сите потекнуваат од општествено економската средина. Имено со развојот на производните сили се создале услови да се појави и класа на луѓе која има доволно средства за егзистенција и притоа има доволно слободно време да занимава со прашања кои се надвор од неговите основни потреби. Буржоарзијата е класата во која ќе се роди современиот пристап односно професионализицијата на научните дисциплини. Со-

[18] Нусбаум, 2020,38

[19] Исто, 70-71

сема долг временски период археологијата и историјата впрочем биле сфаќани само како убаво хоби со кое си го пополнувале времето оние кои што имале доволно средства и неисполнето време. Со текот на времето, напредокот на човековата свест, општествено економските услови, се оформиле и првите институции кои нуделе професионално образование од областа на историја а тоа пак нужно довело и до формирање на научни методи преку кои ќе се истражува минатото. Оформувањето на историската наука значело дека за прв пат дотогаш може организирано и целисходно да се пренесуваат определени сознанија за минатото. Вториот аспект за подемот на интересот на современиот човек кон минатото е секако времето во кое живеел. Колку потешка била сегашноста во која што живее а иднината понеизвесна, толку поголем станувал интересот за минатото. Едноставно историјата ако ништо повеќе барем пружала некаква утеха, била основа за развој на идеи за општествени промени кон подобро, основа за креирање на разни утопии и идилично општества а со тоа се овозможило и да се чекори кон некоја поизвесна иднина Доколку човекот од стариот век преку митовите се обидувал да си го објасни светото околу него, човекот од најновиот и новиот век ја користел историјата како наука за да го објасни светот околу него. Треба да се напомене дека тие објаснувања биле онолку научни колку што и самите научни методи биле развиени. Науката не познава еден конечен степен на развој, туку таа е во константен дијалектички однос со напредокот на производните сили во општеството, со напредокот на самиот човек. Во таа смисла, она што пред еден или два века било врвниот дострел на научната мисла, денес би бил само зародиш на оваа наша современа научна мисла. Особено историската наука има таква природа каде оценките за науки историски настани или личности се менуваат во согласност со промените на општествено економските и политичките услови во кои што се наоѓа оној што го истражува минатото. Секоја генерација има свој поглед на минатото! Таквиот однос кон минатото произлегува главно од фактот што секоја нова генерација живее во ново време, кое има нови предизвици и проблеми за разрешување и оттука развива свој специфичен поглед и однос кон минатото. Она што може да се согледа како константа е тоа дека човековата потреба од минатото и од историската наука како начин на осознавање на минатото е постојано присутна. Согласно материјалистичкото сфаќање за историја, може да се заклучи дека односот на човекот кон минатото се развива напоредно со развојот на производните сили и општествените односи. Човекот секогаш ќе има потреба да го спознае минатото, таа потреба нема

ниту да се искорени ниту да се промени. Она што сепак ќе се промени е времето и општествените односи во кои човекот ќе се обиде да го осознае минатото.

Од развојот на историската наука, од расположливоста на историските извори ќе зависи објективноста на вистината која што ученикот ќе ја спознае. Ултимативно дури и неговото спознание за минатото, неговиот пристап, неговите оценки и заклучоци како и дејствијата направени согласно осознаената вистина, во еден миг ќе станат историја и ќе бидат предмет на осознавање на некој друг човек. Она што секоја генерација и го должи на следната е да допринесе кон развојот на општеството и науката со цел таа да стане што попрецизна а нашиот однос кон минато да се рафинира во дејствие од кое ќе создадеме алатка за менување на светот во кој што живееееме. Од тука важно е историјата да се предава, не со цел да се оправда некое постоење туку, со цел да се осознае зошто постои нешто во современоста! Историјата не смее да се стерелизира и да се стане низа на настани кои ќе ги учиме и кои нема да не поучат на ништо. Кога предаваме историја ние наставниците сме должни да постапуваме методски така што ученикот од конкретниот историски настан ќе добие соодветна морална и воспитна поука! Знаејќи ја вистинската цел на наставата по историја а тоа е да воспитуваме деца кон соодветни вредности преку соодветни и конкретни наставни содржини, да се откажеме од воспитанието, значи да ја изневериме иднината. Сите ние, многу често ја повторуваме изреката „Историјата е учителка на животот", но денес би требало веднаш после тоа да ја кажеме и предсмртната мисла на Роза Луксембург „Бев, сум и ќе бидам".

## БИБЛИОГРАФИЈА


Ачкоска, В. Методика на наставата по историја, Филозофски факултет, Скопје, 2001.

Дашиќ, М. „Историјата како предмет", Историја, 21.2 (1985), pp. 357-379.

Димитријевски, М. Македонската историографија и наставата по историја – состојби и правци на развој, Историја, 33.1-2, (1997), pp. 177-183.

Димоски, Н. „Некои суштински проблеми во наставата по историја зависни од историската наука" in Чепреганов, Т.(eds), *Актуелни проблеми во македонската историографија и наставата по историја. Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија,* Скопје, 1996.

Krneta, Lj. Potkonjak, N., Shmidt, V. Šimleša, P (eds), Pedagogija, tom. II, Matica Hrvatska, Zagreb, 1969.
Нусбаум, М. Не за профит, Бегемот, Скопје, 2020.
Фром, Е. За непослушноста и други есеи, Комунист, Скопје, 1989.
Хаџи Василев, М. Свртени кон човекот, Култура, Скопје, 1959.

## THE EDUCATIONAL FUNCTION OF HISTORY TEACHING IN CONTEMPORARY TIMES

(summary)

The past and man are closely connected. Man has an inherent need to understand what happened before him, in order to more easily deal with the problems of the present. For this purpose, he necessarily included the experience of his ancestors in the upbringing of children, that is, he introduced history as a subject of study. Comenius, during the 17th century, saw the knowledge of history on the development of the child, and today it is already nebulous to talk about the same thing so many centuries later. On the other hand, in the last three centuries we are faced with the fact that teaching has been completely removed from upbringing. The reasons for this are multiple, but they mainly gravitate towards socio-economic and political relations, which no longer require an active citizen, but subtly desire a citizen who will not question anything, but will simply exist. In that context, history as a science and as a subject of study was sterilized. It has become a kind of collection of facts, a collection of events and personalities, who did something, but for whom it is not important to know the reason for their action or action. From here, history teaching has lost its educational function, it has lost the ability to create critically minded citizens, who will not only perceive the world as it is, but will also observe, comment and criticize it. Such an attitude in our Macedonian case has essentially only further worsened the situation because it has created a huge uncritical mass, which is easily susceptible to manipulations of any kind. Faced with this obvious fact, it is necessary to restore education in schools and the educational function of history teaching. History must not be sterilized and become a series of events that we will learn and which will not teach us anything. When we teach history, we teachers are obliged to act methodically so that the student will receive an appropriate moral and educational lesson from the specific historical event! Knowing the true goal of history teaching, which is to educate children towards appropriate values through appropriate and specific teaching content, to give up on education means to betray the future. The prominent Soviet pedagogue V.A. Sukhomlinsky in his book "How to Educate a Man" will write: "The word of ethics has power only when it comes from the mouth of an educator who has the moral right to educate. A person does not

need to be an angel to have the moral right to educate. He only needs to be a real Man - to live correctly, to love people, to preserve his patriotic dignity, to be a citizen, to be a worthy spouse, son or daughter, father or mother." Then how should we educate through history as a teaching example? How to direct students in general, children towards science, good behavior, critical thought? The answer is theoretically easy, but its practical implementation is especially difficult. The best upbringing is through one's own personal example. Everything we want to see in our students, we must first have within ourselves or at least strive for those values. Education for happiness begins with the one who educates. Therefore, it is we, the teachers, who can teach through history lessons or just verbally present facts and build a mythical awareness of our glorious ancestors and the perfection of our modernity.